# Cabernet Sauvignon 2004 Barrique



Произведено од внимателно одбрано грозје Cabernet Sauvignon. Со длабока и темна црвена боја, ова комплексно и полно вино, има густ, созреан и концентриран овошен карактер. Дванаесетте месеци одлежување во нови буриња од 225l од француски, американски и унгарски даб, интегрира нежни ароми на кафе, тутун, кедар и ванила. Виното има долг, елегантен и продолжен вкус на зрело и сочно црно шумско овошје, меки танини и единствен свилен карактер. Одличната структура ќе обезбеди развој и дополнителна  комплексност со грижливо одлежување во тек на 3 до 5 години. За време на  одлежувањето можно е да се јави мал талог кој е вообичаен кај нефилтрирани вина произведени по традиционален метод.

Уживајте во виното со месо, дивеч, јаки сирења и разновидна зачинета храна. Се сервира на 16-18°C. Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

Полнето: Декември, 2005

НАГРАДИ: Agrofood 2007, Злато